СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 52. седница**
**25.4.2024 година**
**Точка на дневен ред бр. 8**

**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

## за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 52. редовна седница одржана на ден 25.4.2024 година донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именуваат:

1. **Гордана Костовска-Темелковска - член**
2. **Мимоза Богдановска Јовановска - член.**

**Член 2**

На именувани членови на Надзорниот одбор ќе им се исплаќа месечен нето-износ од 50000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и за јавни давачки во согласност со закон.

На именуваниот член на Надзорниот одбор кој ќе биде избран за претседател на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 60000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и за јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членови на Надзорниот одбор кои живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надоместок во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуван член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување со Кабинетот на Управниот одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**СО бр.** 02-5332/1/II-8
**Битола, 25.4.2024 година**

**Собрание**
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 86 од Законот за банки („Службен весник на Република Македонија“, бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016 и 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019 и 122/2021) и член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на акционери ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор на Банката.

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола работи во состав од 5 (пет) члена, и тоа: Гордана Гацева, Борислав Атанасовски, Стевчо Јолакоски, Гордана Темелковска-Костовска и Антони Пешев. Независни членови на Надзорниот одбор се Гордана Гацева и Антони Пешев.

На членот на Надзорниот одбор Гордана Костовска-Темелковска му истекува мандатот на 15.4.2024 година. Исто така на 24.9.2024 година му истекува мандатот и на членот на Надзорниот одбор г. Стевчо Јолакоски.

Воедно, имајќи ги предвид последните измени на Статутот на Банката што се однесуваат на бројот на членови на Надзорниот одбор - 5 (пет) члена, а со цел персонално комплетирање на составот на Надзорниот одбор на Банката и негово непречено функционирање, се предлага Собранието да изврши избор и именување на членови на Надзорниот одбор.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

НО бр.02-3787/1/II.2-6
Битола, 21.3.2024 година

Претседател
м-р Гордана Гацева